РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец септември 2018

октомври, 2018

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 3

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 4

Реализација на буџет ..... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец септември 2018 година, примени се 27 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 22 барања, објавени се 28 огласи, за вкупно 77 работни места за 79 извршители. За институциите од централната власт објавени се 11 јавни огласи за 31 работни места со 32 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 17 јавни огласи за  46 работни места со 47 извршители. На објавените огласи пријавени се 204 кандидати, од кои 94 на огласи за институциите од централна власт, а 110 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 27 | 22 | 28 | / | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 77 | 11 | 12 | 17 | 2 | 31 | 17 | 7 | 27 | 12 | 46 |
| Извршители | | | 79 | | 13 | 17 | 2 | 32 | | 7 | 27 | 13 | 47 |
| Број на пријавени кандидати | | | 204 | | 34 | 58 | 2 | 94 | | 12 | 57 | 41 | 110 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 33 | 17 | 10 | 40 | 3 | 53 | 16 | 9 | 26 | 4 | 39 |

*Табела 1. Јавни огласи септември 2018*

Во истиот период спроведени се 38 административни селекции за пријавени 283 кандидати, спроведени се 33 испити на кои што се поканети 296 кандидати, од кои полагале 233 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 31 огласи за 200 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 31 огласи и предлог за избор на 119 кандидати, а објавени се 92 одлуки за избор на кандидати за вработување од  33 огласи.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 38 | 283 | 33 | 296 | 233 | 31 | 200 | 31 | 137 | 31 | 119 | 33 | 92 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи во септември 2018*

Во Агенцијата за администрација во месец септември 2018 година, примени се 19 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 19 огласи, за вкупно 101 работни места за 101 извршители. За институциите од централната власт објавени се 6 интерни огласи за 49 работни места со 49 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 13 интерни огласи за 52 работни места со 52 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | / | 19 | / | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 101 | 6 | 12 | 34 | 3 | 49 | 13 | 13 | 35 | 4 | 52 |
| Извршители | | | 101 | | 12 | 34 | 3 | 49 | | 13 | 34 | 4 | 52 |

*Табела 3. Интерни огласи септември 2018*

# Испит за административно управување

Во текот на месец септември 2018 година, спроведени се 8 испити за административно управување и испратени се 4 Известувања до Министерството за информатичко општество и администрација за резултатите од полагањето на испитот. На спроведените сесии за административно управување, пријавени беа 196 кандидати. Од нив на испитот се појавија 147 кандидати, од кои што испитот го положија 106 кандидати или 72 %. Од кандидатите кои што полагале, 131 се вработени во јавен сектор, 5 во приватен сектор, додека 11 од пријавените кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | положиле | неположиле | јавен сектор | приватен сектор | невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 196 | 93 | 106 | 41 | 131 | 5 | 11 |

*Табела 4. Административно управување септември 2018*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец септември 2018 година, беа поднесени 45 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 7 седници, обработи 51 жалби, од кои 40 жалби се од државни службеници и 11 жалби од јавни службеници. Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени 7, одбиени 19, мериторно одбиена 1 и отфрлени 13 жалби.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници уважени 2, одбиени 4, отфрлена 1, мериторно уважени 3 жалби и 1 мериторно одбиена жалба.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | уважени | | одбиени | | отфрлени | | отстапени на друг орган | | повлечени од подносител | | не надлежност | | мериторно уважени | | мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 41 | 4 | 40 | 11 | 7 | 2 | 19 | 4 | 13 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | 3 | 1 | 1 |

*Табела 5. Обработени жалби во септември 2018*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец септември 2018 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 19 предмети, од кои 5 се однесуваат на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 14 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, општини, граѓаните и други, и тоа: Влада на Република Македонија – Генерален секретаријат (1), Државно правобранителство на Република Македонија (5), Управен суд (2), Основен суд (1), Министерство за внатрешни работи (1), Агенција за храна и ветеринарство (1), Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберколоза ц.о Скопје (1), Јавно претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје (1) и адвокат (1).

Директорот на Агенцијата за администрација, на 10 септември 2018 година, учествуваше на Третата седница на Советот за реформа на јавната администрација. како член на Советот,

Директорот заедно со вработени од Агенцијата за администрација во периодот од 02 до 06 септември 2018 година, оствари ја студиска посета на тема „Регрутирање и селекција во јавната администрација“ во Република Хрватска преку TAIEX (Инструмент за техничка помош и размена на информации на Европската комисија).

Вработени во Агенцијата за администрација учествуваа на обука на тема „Тренинг за родови аспекти во проценка на влијанието на регулативата (ПВР), во организација на Фондација Квина и Реактор – „Истражување во акција“, и учество на информативна средба на работилница за пишување извештаи во организација на ОБСЕ.

На 27 септември 2018 година, во врска со натамошно спроведување на активностите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а во насока на подобрување на механизмите за известување, се одржа информативна средба на која учествуваа претставници од Агенцијата.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата, пристигнати се 21 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 19 е одговорено, а на 2 не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец септември 2018 година, утврдена е потреба од започнување на 2 постапки за јавни набавки за кои се донесени одлуки за јавни набавки, објавени се 3 огласи за јавни набавки на ЕСЈН, донесени се 2 одлуки за избор на најповолен понудувач и склучени се 2 договори за јавни набавки со вкупна вредност од 333.480,00 денари без ДДВ, односно 393.506,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | 3 | 2 | 2 |

*Табела 6. Јавни набавки септември 2018*

# Реализација на буџет

Во месец септември 2018 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2018 година | Реализација на буџетот до 30.09.2018 | Реализација на буџетот од 01.09.2018 - 30.09.2018 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2018 |
|---|---|---|---|---|
| **401–основни плати** | 21.462.000,00 | 15.599.799,00 | 1.776.802,00 | 5.862.201,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 7.938.000,00 | 5.769.858,00 | 657.187,00 | 2.168.142,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 48.768,00 | 15.051,00 | 11.232,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.393.195,00 | 1.736.880,00 | 237.883,00 | 656.315,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 350.000,00 | 179.339,00 | 6.100,00 | 170.661,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.450.000,00 | 1.315.185,00 | 44.640,00 | 1.134.815,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.700.000,00 | 1.047.919,00 | 38.219,00 | 652.081,00 |
| **426-други тековни расходи** | 300.000,00 | 231.156,00 | 0 | 68.844,00 |
| **464-разни трансфери** | 15.000,00 | 15.000,00 | 0 | 0 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 141.168,00 | 141.168,00 | 0 | 0 |
| **480-купување на опрема и машини** | 420.637,00 | 232.456,00 | 23.850,00 | 188.181,00 |
| **480-купување на мебел** | 30.000,00 | 29.736,00 | 0 | 264,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 3.000.000,00 | 2.845.906,00 | 0 | 154.094,00 |
| ВКУПНО | **40.260.000,00** | **29.193.170,00** | **2.799.732,00** | **11.066.830,00** |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*